# ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

## Проектен форум

**Општина**

Крива Паланка

**Име на координатор:**

Мартин Николовски

**Модератор/ко-модератор:**

Лидија Митовска

Жаклина Цветковска

**Период на известување:**

октомври- ноември 2019

**Датум на извештај:**

20.11.2019 г.

## ПОСТИГНУВАЊА

1. **Форумски сесии**

Во периодот на месец октомври 2019 година, во општина Крива Паланка се одржа проектен форум за целите на проектот„Градење на општинските капацитети за спроведување на проекти", во согласност со критериумите на јавниот повик „Подготовка на проекти за локален развој за финансирање од национални и меѓународни развојни фондови"-Фонд за техничка документација, финансиски поддржан од Шведската агенција за меѓународен развој(СИДА) и од УНДП.

Овој форум беше организиран во соработка со граѓанските организации НВО Инфоцентар од Скопје и РЦС„Спектар" од Крива Паланка, во рамките на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво, поддржан од Меѓународниот центар Улоф Палме од Шведска.

На **форумската сесија** присуствуваа вкупно 40 граѓани од кои 17(42,5%) жени и 23(57,5%) мажи. Сите се Македонци, освен еден Ром.Од вкупниот број на учесници 27,5 % се млади.На оваа сесија, граѓаните дадоа вкупно 22 предлози за приоритетите за изработка на техничка докуентација за изградба и реконструкција на инфраструктурата во општина Крива Паланка. Најмногу предлози, вкупно 7, беа дадени за Изработка на техничка документација за изградба на Спортско-рекреативен центар на локалитетот Калин Камен и овој предлог-проект беше приоретизиран како најприоритетен од страна на форумот.Предлогот беше прифатен и од Советот на општина Крива Паланка, кој донесе одлука да се изготви проектна апликација за овој предлог-проект и со истиот да се аплицира пред донаторите.

# 1.АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СЛУЧИЛЕ ВО РАМКИТЕ НА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

## 1.1. ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

### 1.1.1. Активности за организирање (подготвителни и информативни активности)

По објавувањето на јавниот повик за подготовка на проекти за локален развој од страна на Шведската агенција за меѓународен развој (СИДА) и УНДП, општина Крива Паланка ги започна подготвителните активности за успешно спроведување на проектниот форум.

Најпрвин беше одреден временскиот период за спроведување на форумскиот процес, а за датум на одржување беше уврден 29 октомври 2019 година.Во согласност со структурата на форумот беа избрани и модератор, ко-модератор и членови на Оперативната група, меѓу кои  и претставник на Комисијата за еднакви можности и за односи меѓу заедниците, како и лице за односи со јавноста. Бидејќи проектниот форум се одржа во соработка со граѓанските организации НВО Инфоцентар од Скопје и РЦС„Спектар“ од Крива Паланка ко-модераторот беше избран како претставник од овие организации.

За потребите на проектниот форум се спроведоа подготвителни и информативни активности за организирање и успешна реализација на форумската сесија. Членовите на Оперативната група, заедно со општинскиот координатор, модераторот и ко-модераторот, работеа на обезбедување на потребните податоци за презентациите, подготовка на материјалите, медиумска промоција,информирање на јавноста и испорачување на технички и други ресурси и средства неопходни за  форумскиот процес.

За **мобилизирање на граѓаните за учество на проектниот форум**, општината, заедно со модераторот,ко-модераторот, координаторот и ОГ, користеше повеќе техники, со кои беа опфатени најразлични целни групи на кои им се потенцираше важноста од нивното учество во форумскиот процес Беа одржани средби со претставници на бизнис заедницата и граѓанските организации, со пензионерите, месните заедници, младите и други интересни групи.Истовремено, граѓаните се мобилизираа со официјални покани, лични и телефонски контакти, веб и facebook страницата на општината, како и преку соопштенија и информации во медиумите.

Во подготовката на форумскиот процес се одвиваше континуирана и секојдневна комуникација со координаторот, модераторот,ко-модераторот, општинската администрација, експерти и други лица од општината, како и со градоначалникот на општината. Целта на секојдневните контакти беше подготовка на потребните информации и материјали за форумската сесија и нивна навремена изработка. Во подготовката на проектниот форум беше вклучен и раководителот на Секторот за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој,кој ,воедно, е и  координатор на проектот и кој на форумската сесија ги презентираше критериумите за избор на проекти.

За време на форумската сесија сите активности се одвиваа непречено и навремено, а Оперативната група функционираше на потребното ниво.

По завршувањето на формската сесија, Оперативната група, заедно со модераторот и ко-модераторот, ги подготви потребните документи од проектниот форум за целите на проектната апликација.

***Преглед на профилот на ОГ***

| **Општина** | **Број на членови на ОГ** | **Број на мажи** | **Број на жени** | **Етничка застапеност (малцинства)** | **Застапеност на целна група** |
|---|---|---|---|---|---|
| Крива Паланка | 5 | 1 (20%) | 4 (80%) | 1 (20%) | 4 (80%)општина,<br>1 (20%) НВО |
| ОГ  - претставник од Комисија за еднакви можности | | | | | Да |
| ОГ  - претставник од Комисија за односи меѓу заедниците | | | | | Да |

***Преглед на структурата на учесници во подготвителните активности***

| | **Број на учесници** | **целни групи – учесници на средбите** |
|---|---|---|
| Крива Паланка<br>20.820 | 10 | Месни Заедници, НВО и бизнис сектор, пензионери, директори, раководители и вработени во државни, општински и јавни институции и заинтересирани граѓани. |

## 1.2 ФОРУМСКИ СЕСИИ

**Форумската сесија** се одржа на 29.10.2019 година, во големата сала на општина Крива Паланка, во периодот од 11:30-14:30 часот, на која присуствуваа вкупно 40 лица од кои 17 жени и 23 мажи, сите Македонци, освен еден Ром. Од вкупниот број на учесници 27,5 % беа млади. На оваа сесија беше дадена информација дека проектниот форум се одржува за целите на проектот„ Градење на општинските капацитети за спроведување на проекти", во согласност со критериумите на јавниот повик „Подготовка на проекти за локален развој за финансирање од национални и меѓународни развојни фондови"-Фонд за техничка документација, финансиски поддржан од Шведската агенција за меѓународен развој(СИДА) и од УНДП. Беше истакнато и дека општината го организира проектниот форум во соработка со граѓанските организации НВО Инфоцентар од Скопје и РЦС„Спектар" од Крива Паланка, во рамките на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво, поддржан од Меѓународниот центар Улоф Палме од Шведска.

Се утврди и структурата на форумот, кој функционираше со 7 работни маси.

Форумскиот процес и темите на форумот ги претстави модераторот Лидија Митовска,објаснувајќи дека учесниците можат да даваат предлози на три теми: Комунална, транспортна и бизнис инфраструктура; Социјална инфраструктура;и Инфраструктура поврзана со животната средина, климатските промени и водата.Ко-модераторот Жаклина Цвековска ги претстави правилата за работа на форумот и групираните предлози на учесниците.

Координаторот на проектот, Мартин Николовски, раководител на Секторот за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски равој, ги презентираше критериумите на проектот за финансиска поддршка за изработка на проектна документација. Николовски истакна дека вредноста на грантот е од 10.000-30.000 американски долари и дека граѓанските предлози треба да бидат релевантни на темите и на целите за одржлив развој во кои РСМ има незадоволителен напредок. Како такви се издвоени: Одржливи градови и заедници, Квалитетно образование, Родова еднаквост, Пристојна работа и економски развој, Чиста вода и санитрии, Ценовно прифатлива и чиста енергија, Одговорна потрошувачка и производство и Мерки против климатските промени на кои треба да се работи многу повеќе во идниот период за да се постигнат задоволителни резултати.

Учесниците дефинираа и понудија 22 предлог-приоритети и тоа 6 од областа на комуналната, транспорна и бизнис инфраструктура, 13 од социјалната инфраструктура и 3 предлози за инфраструктура поврзана со животната средина, климатските промени и водата. За најприоритетен предлог-проект беше избран предлогот „ Изработка на техничка документација за изградба на Спортско-рекреативен центар на туристичкиот локалитет Калин Камен". Овој предлог го дадоа сите работни маси,односно за него имаше вкупно 7 предлози, со што беше констатирано дека тој е најприоритетен за општината во рамките на отворениот повик.Останатите предлози од граѓаните стануваат дел од листата со препораки, доставена до општина Крива Паланка, кои треба да се реализираат во идниот период.

На проектниот форум имаше вкупно 17 дискусии од кои 9 од жени и 8 од мажи.

**Табеларен преглед на приоретизирани предлози од граѓаните:**

| Р. бр. | Приоретизирани предлози од граѓаните | Вкупен број на предлози |
|---|---|---|
| 1 | Изработка на техничка документација за изградба на Спортско-рекреативен центар на туристичкиот локалитет Калин Камен | 7 |
| 2 | Изработка на техничка документација за реконструкција на згради, кои подржуваат социјална инклузија и благосостојба на заедниците – Стара касарна | 3 |
| 3 | Изработка на техничка документација за изградба на станица за обработка на отпадни води (со фаза на изградба и функционалност) | 2 |
| 4 | Изработка на техничка документација за изградба на велосипедска патека долж главната градска улица „Св.Јоаким Осоговски“ | 1 |
| 5 | Изработка на техничка документација за изградба на Младински културен центар | 1 |
| 6 | Изработка на техничка документација за проект за мост на Крива Река за локацијата Бавчалак – Единство | 1 |
| 7 | Израбока на техничка документација за воведување на систем за централно греење (гасификација на градот)- секундарна мрежа | 1 |
| 8 | Изработка на техничка документација за реконструкција на спортска сала во ООУ„Илинден“ | 1 |
| 9 | Изработка на техничка документација за партерно уредување на просторот за одржување на манифестацијата„ Невестинско поклонение“. | 1 |
| 10 | Изработка на техничка документација за решавање на проблемот со отпадни води (канализација) на потегот од с.Узем-Самоков | 1 |
| 11 | Изработка на техничка документација за изградба на локален пат с.Кркља - маало Џиковци и прочистување на пат - маало Пашинци | 1 |
| 12 | Изработка на техничка документација за реновирање и уредување на Манастирски Ан, како историски објект со културно-уметнички вредности | 1 |
| 13 | Изработка на техничка документација за ново соораќајно решение за патниот правец од Балкан кон нас. Маневци за да се избегне сообраќајниот метеж | 1 |

***Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително родова застапеност***

| **Општина** | **Крива Паланка** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Официјални** | **Број на жители** | 20.820 | **мажи/жени** | # |
| **Сесија** | **Број на учесници на форумска сесија** | **Мажи / жени** | **Број на учесници на работни маси** | **Мажи / жени** |
| *Форумска сесија* | 40 | 23(57,5%) / 17(42,5%) | 35 | 19 (54%) / 16 (46%) |

***Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително етничка застапеност***

| **Општина** | | Крива Паланка | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Етничка застапеност** | | **Учесници на форумска сесија** | | | | | | **Учесници на работни маси** | | | | |
| **Офи.пода.** | **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
| 19.998 (96%) | Македонци | 39(97,5 %) | | | | | | 34(97%) | | | | |
| 0 (0%) | Албанци | 0 (%) | | | | | | 0 (%) | | | | |
| 2 (0,1%) | Турци | 0 (%) | | | | | | 0 (%) | | | | |
| 668 (3%) | Роми | 1 (2,5%) | | | | | | 1 (3%) | | | | |
| 3 (0,1%) | Власи | 0 (%) | | | | | | 0 (%) | | | | |
| 103 (0,5%) | Срби | 0 (%) | | | | | | 0 (%) | | | | |
| 2 (0,1%) | Бошњаци | 0 (%) | | | | | | 0 (%) | | | | |
| 44 (0,2%) | Други | 0 (%) | | | | | | 0 (%) | | | | |
| **Да се наведат родовите и етнички чувствителните прашања (ако има и не повеќе од еден параграф):** Ромската популација е со ниско образовно ниво и главно преокупирана со обезбедување на материјалната егистенција, заради што има слаб интерес да се вклучи во проектниот форум. | | | | | | | | | | | | |

## 2. ПРОБЛЕМИ И РЕШЕНИЈА

Немаше проблеми и потешкотии при спроведувањето на форумскиот процес.

## 3. ЗАКЛУЧОЦИ, ПРЕПОРАКИ И ПОНАТАМОШНИ ЧЕКОРИ

По приоретизацијата на предлозите од учесниците на форумот, според кои за најприоритетен проект беше прогласен проектот „Изработка на техничка документација за изградба на Спортско-рекреативен центар на локалитетот Калин Камен“, Советот на општина Крива Паланка, на 29 седница, која се одржа на 6 ноември 2019 година, донесе одлука за овој проект да се изработи и поднесе проектна апликација на отворениот повик на Шведската агенција за меѓународен развој и УНДП.

Останатите 21 предлози , дадени од страна на проектниот форум, се ставени на листата на препораки како приоритети на граѓаните на општина Крива Паланка.

## ПРИЛОЗИ

Прилози за статистички податоци за форумските сесии

Прилог 1 – Преглед на учесници по работни маси

***Прилог 1 - Преглед на учесници по работни маси***

| **РМ 1: Јавни дејности** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | 6 | | | | | 6 |
| **жени** | 4 | | | | | 4 |
| **мажи** | 2 | | | | | 2 |
| **РМ 2: Инфраструктура поврзана со животна средина,климатски промени и вода** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | 5 | | | | | 5 |
| **жени** | 3 | | | | | 3 |
| **мажи** | 2 | | | | | 2 |

| **РМ 3: Социјална инфраструктура** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | 4 | | | | | 4 |
| **жени** | 2 | | | | | 2 |
| **мажи** | 2 | | | | | 2 |
| **РМ 4: Локален економски развој 1** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | **5** | | | | | **5** |
| **жени** | **3** | | | | | **3** |
| **мажи** | **2** | | | | | **2** |
| **РМ 5: Локален економски развој 2** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | **4** | | | | | **4** |
| **жени** | **2** | | | | | **2** |
| **мажи** | **2** | | | | | **2** |
| **РМ 6: Комунална транспортна и бизнис инфраструктура** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | **3** | | | | | **3** |
| **жени** | **0** | | | | | **0** |
| **мажи** | **3** | | | | | **3** |

| РМ 7: Неопределени граѓани | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | **3** | | | | | **3** |
| **жени** | **0** | | | | | **0** |
| **мажи** | **3** | | | | | **3** |
| **РМ 8: Оперативна група** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | **5** | | | | | **5** |
| **жени** | **4** | | | | | **4** |
| **мажи** | **1** | | | | | **1** |